ОКТА

ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 470
e-mail: ipapic@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр.3012/21**
Дата:**30/12/21**
Купувач: И.Станковска
Рок на доставување: **13/01/22**

До:
e- mail
Број на страни:2+1

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда **за вршење на услуга на преземање, транспорт и третман на хартија која произлегува од деловното работење на ОКТА**, согласно Законот за управување со отпад и согласно описот на услугата даден во прилог.

**Инструкција за понудувачите:**

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на тендерот на е-маил адресите:
ipapic@helpe.gr и a.dimitrievski@helpe.gr

## 1. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Понудувачите во понудата треба да ги достават следниве документи:**

1. Референтна листа на компании со која компанијата соработува
2. Дозвола за вршење дејност за преземање и транспорт на неопасен отпад
3. Дозвола за складирање и третирање на неопасен отпад
4. Список на транспортни средства кои ги поседувате, со намена за преземање и транспортирање на неопасен отпад
5. Цена за КГ хартија за ништење односно отпадна хартија
6. Начин и рок на плаќање, наведен во финансиската понуда

**Напомена:** Понудувачите мора да поседуваат **дозвола за вршење дејност за преземање и транспорт на неопасен отпад**, а доколку не поседува дозвола за **складирање и третирање на неопасен отпад,** потребно е да достават валиден договор или воспоставена соработка со компанија која има таква дозвола.

Лице за контакт во ОКТА: Митевски Трајче 076 422 606

2. **Времетраење на договорот:** Со најповолниот понудувач, ОКТА ќе склучи договор со важност во следните три (3) години со фиксни цени согласно понудата.

**3. Доставување на понудата**

Понудата да се достави во затворен коверт со назнака
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 3012/21" .**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 13 .01 .2021 год.**
Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**4. Завршни одредби**

1. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најдобра понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
2. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
3. ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
4. Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
5. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. **(Понуди во друга валута нема да се разгледуваат)**.

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-меиловите: ipapic@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

Со почит
Менаџер на Набава
Александар Димитриевски